**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**
**(Службен весник на РСМ број 252/2025 од 16.12.2025 година)**

Член 1

Во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 144/25), во член 8 ставот (1) се менува и гласи:

„Дискриминацијата при систематизирањето, планирањето и пополнувањето на работните места во јавниот сектор е забранета согласно со Уставот на Република Северна Македонија, а работните места се достапни секому под еднакви услови“.

Член 2

Насловот пред членот 9 се менува и гласи:

„Начело на стручност и компетентност, начела на соодветна и правична застапеност, еднакви можности на жените и мажите и инклузивност“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„При пополнувањето на работните места, институциите го почитуваат начелото за соодветна и правична застапеност на заедниците врз основа на принципот на стручност и компетентност, еднакви можности на жените и мажите и начело на инклузивност.“

Член 3

Во член 47 во ставот (9) зборовите: „согласно ставот (5) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица“.

Член 4

Во член 48 ставот (2) се менува и гласи:

„Во постапката за унапредување се води сметка и за соодветната и правична застапеност на заедниците, еднакви можности на жените и мажите и начело на инклузивност, согласно со начелото на стручност и компетентност“.

Член 5

Во член 52 во ставот (2) зборовите: „вработените“ се заменуваат со зборовите: „останатите вработени“.

Член 6

Во членот 56 зборовите: „во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 јануари 2027 година“.

Член 7

Во членот 57 зборовите: „шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Член 8

Во членот 58 зборовите: „во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 јануари 2027 година“.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.